# З А П И С Н И К
## Од 8- та седница на Советот на Општина Велес
## која се одржа на 17.02.2026 година

Претседателот на Советот Даниел Јаневски, констатираше дека на почетокот на седницата присуствуваат 21 члена на Советот.

Потоа ја отвори 8-та седница на Советот на Општина Велес, која започна во 10:00 часот.

Пред да го прочита предложениот дневен ред, претседателот го стави на расправа Записникот од 6-та седница на Советот на Општина Велес. За расправа не се јави никој.

Се премина кон гласање на Записникот од 7-та седница и по гласањето се утврди дека од 22 присутни, со 22 гласа „за“ беше усвоен Записникот од 7-та седница на СОВ.

Претседателот на Советот ги прочита точките кои се предложени во следниот:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Советнички прашања;
2. Предлог – Деловник за работа на Советот на Општина Велес;
3. Квартален извештај на Општина Велес за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2025г. до 31.12.2025г.;
4. Предлог - одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Велес за 2026 година;
5. Предлог – одлука за утврдување потреба од спроведување проект за ангажирање на лица за теренско прибирање податоци за утврдување на данок на имот за физички и правни лица на територија на Општина Велес;
6. Предлог–одлука за утврдување постапка за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес од Програмата на Советот на Општина Велес;
7. Предлог – правилник за утврдување критериуми за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес од Програмата на Советот на Општина Велес;
8. Предлог – решение за изменување на Решението за именување на претседател и членови на Комисија за финансирање, Буџет и локален економски развој;
9. Предлог – решение за изменување на Решението за именување на претседател и членови на Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина;
10. Предлог – решение за изменување на Решението за именување на претседател и членови на Комисија за општествени дејности;
11. Предлог – решение за изменување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за спорт и млади;
12. Предлог – програма за изменување на програма за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2026 година;
13. Предлог - програма за дополнување на Програма за изработка на урбанистички планови во Општина Велес во 2026 година;
14. Предлог – програма за дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на Општина Велес;
15. Предлог – одлука за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација со намена А1.1-Куќи со двор, за ГП 13 (КП 6213/1) КО Велес, од ДУП: за МЗ 9 - ти Ноември, измена и дополнување на одредбите за спроведување на ДУП за МЗ 9-ти Ноември,Општина Велес;
16. Предлог – одлука за утврдување Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 03.01 УМ 2 согласно Детален урбанистички план за дел од населба Керамидна-Велес, Општина Велес;
17. Предлог – одлука за утврдување на потреба за пренамена на површина со класа на намена В1- образование и наука во класа на намена А1- Домување во станбени куќи заради усогласување на намената на бесправните објекти изградени на КП бр. 3121/1 во КО Оризари;
18. Предлог – одлука за утврдување на потреба за пренамена на површина со класа на намена Г- производство, дистрибуција и сервиси во класа на намена А1- Домување во станбени куќи заради усогласување на намената на бесправните објекти изградени на КП бр. 2518/2 во КО Оризари;

19. Предлог – решение за давање согласност на Измени и дополнување на Годишен план за вработување на ООУ „Блаже Конески“ Велес за 2026 година;
20. Предлог – решение за давање согласност на Изменување и дополнување на Годишен план за вработување на ООУ „Панко Брашнаров“ Велес за 2026 година;
21. Предлог – решение за давање согласност на Измена на Годишен план за вработување на ООУ „Св.Кирил и Методиј“ Велес за 2026 година;
22. Предлог – решение за давање согласност на Измена на Годишен план за вработување на ООУ „Рајко Жинзифов“ Г.Оризари- Велес за 2026 година;
23. Предлог – решение за давање согласност на Годишен план за вработување на ООМУ „Стефан Гајдов“ Велес за 2027 година;
24. Предлог – решение за давање согласност на Одлука за утврдување на вредноста на бодот за исплата на плати на административните службеници во ЗЈП Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство Стационар – Шепа Кавадарци за 2026 година;
25. Предлог – решение за давање согласност на Одлука за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на давателите на јавни услуги и помошно технички персонал во ЗЈП Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство Стационар – Шепа Кавадарци за 2026 година;
26. Предлог - Решение за давање согласност на Одлуката за покривање на материјална и нематеријална штета и процесни трошоци во судски постапки и постапки за медијација против ЗЈП Стационар „Шепа“ Кавадарци за надомест на штета како последица од каснување од бездомни кучиња за период од 01.01.2026 година до 31.12.2026 година;
27. Предлог – решение за престанок на мандат на член на Управен одбор на ОЈУДГ „Димче Мирчев“ Велес, претставник на Совет на родители;
28. Предлог – решение за именување член на Управен одбор на ОЈУДГ „Димче Мирчев“ Велес, претставник на Совет на родители;
29. Предлог – решение за престанок на мандат на членови на Одборот за подигање на спомен обележја во Општина Велес;
30. Предлог – решение за именување членови на Одборот за подигање на спомен обележја во Општина Велес;
31. Предлог – решение за разрешување на член на Комисијата за следење на состојбата на водите во акумулацијата Езеро Младост;
32. Информација од одржана четврта седница на Комисијата за следење на состојбата на водите во акумулацијата Езеро Младост;
33. Информација за работа на Полициската станица Велес за 2025 година;
34. Финансиски и наративен извештај за Спортски игри Велес за 2025 година од Спортско Здружение „Спортски игри“ Велес;

Претседателот наведе дека од страна на директорката на ЗЈП Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство Стационар – Шепа Кавадарци е побарано точките под редни броеви: 24,25 и 26, истите да се разгледуваат под редни броеви 1,2 и 3. Се премина кон гласање на предлогот и со 23 гласа „за“ истиот се усвои.

Понатаму, претседателот наведе дека точката по ред.бр.12. Предлог – програма за изменување на програма за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2026 година се поместува на место под ред бр.7. Се премина кон гласање и со 23 гласа „за“ го доби потребното мнозинство.

Предложениот дневен ред, се стави на гласање. По гласањето се констатираше дека од 23 присутни членови на Советот со 23 гласа „за“ се усвои следниот:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Предлог – решение за давање согласност на Одлука за утврдување на вредноста на бодот за исплата на плати на административните службеници во ЗЈП Регионален

центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство Стационар – Шепа Кавадарци за 2026 година;
2. Предлог – решение за давање согласност на Одлука за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на давателите на јавни услуги и помошно технички персонал во ЗЈП Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство Стационар – Шепа Кавадарци за 2026 година;
3. Предлог - Решение за давање согласност на Одлуката за покривање на материјална и нематеријална штета и процесни трошоци во судски постапки и постапки за медијација против ЗЈП Стационар „Шепа“ Кавадарци за надомест на штета како последица од каснување од бездомни кучиња за период од 01.01.2026 година до 31.12.2026 година;
4. Советнички прашања;
5. Предлог – Деловник за работа на Советот на Општина Велес;
6. Квартален извештај на Општина Велес за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2025г. до 31.12.2025г.;
7. Предлог – програма за изменување на програма за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2026 година;
8. Предлог - одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Велес за 2026 година;
9. Предлог – одлука за утврдување потреба од спроведување проект за ангажирање на лица за теренско прибирање податоци за утврдување на данок на имот за физички и правни лица на територија на Општина Велес;
10. Предлог–одлука за утврдување постапка за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес од Програмата на Советот на Општина Велес;
11. Предлог – правилник за утврдување критериуми за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес од Програмата на Советот на Општина Велес;
12. Предлог – решение за изменување на Решението за именување на претседател и членови на Комисија за финансирање, Буџет и локален економски развој;
13. Предлог – решение за изменување на Решението за именување на претседател и членови на Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина;
14. Предлог – решение за изменување на Решението за именување на претседател и членови на Комисија за општествени дејности;
15. Предлог – решение за изменување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за спорт и млади;
16. Предлог - програма за дополнување на Програма за изработка на урбанистички планови во Општина Велес во 2026 година;
17. Предлог – програма за дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на Општина Велес;
18. Предлог – одлука за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација со намена А1.1-Куќи со двор, за ГП 13 (КП 6213/1) КО Велес, од ДУП: за МЗ 9 - ти Ноември, измена и дополнување на одредбите за спроведување на ДУП за МЗ 9-ти Ноември,Општина Велес;
19. Предлог – одлука за утврдување Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 03.01 УМ 2 согласно Детален урбанистички план за дел од населба Керамидна-Велес, Општина Велес;
20. Предлог – одлука за утврдување на потреба за пренамена на површина со класа на намена В1- образование и наука во класа на намена А1- Домување во станбени куќи заради усогласување на намената на бесправните објекти изградени на КП бр. 3121/1 во КО Оризари;
21. Предлог – одлука за утврдување на потреба за пренамена на површина со класа на намена Г- производство, дистрибуција и сервиси во класа на намена А1- Домување во станбени куќи заради усогласување на намената на бесправните објекти изградени на КП бр. 2518/2 во КО Оризари;
22. Предлог – решение за давање согласност на Измени и дополнување на Годишен план за вработување на ООУ „Блаже Конески“ Велес за 2026 година;
23. Предлог – решение за давање согласност на Изменување и дополнување на Годишен план за вработување на ООУ „Панко Брашнаров“ Велес за 2026 година;
24. Предлог – решение за давање согласност на Измена на Годишен план за вработување на ООУ „Рајко Жинзифов“ Г.Оризари- Велес за 2026 година;

25. Предлог – решение за престанок на мандат на член на Управен одбор на ОЈУДГ „Димче Мирчев“ Велес, претставник на Совет на родители;
26. Предлог – решение за именување член на Управен одбор на ОЈУДГ „Димче Мирчев“ Велес, претставник на Совет на родители;
27. Предлог – решение за престанок на мандат на членови на Одборот за подигање на спомен обележја во Општина Велес;
28. Предлог – решение за именување членови на Одборот за подигање на спомен обележја во Општина Велес;
29. Предлог – решение за разрешување на член на Комисијата за следење на состојбата на водите во акумулацијата Езеро Младост;
30. Информација од одржана четврта седница на Комисијата за следење на состојбата на водите во акумулацијата Езеро Младост;
31. Информација за работа на Полициската станица Велес за 2025 година;
32. Финансиски и наративен извештај за Спортски игри Велес за 2025 година од Спортско Здружение „Спортски игри“ Велес;

Се премина кон расправа на точките

**ТОЧКА 1. Предлог – решение за давање согласност на Одлука за утврдување на вредноста на бодот за исплата на плати на административните службеници во ЗЈП Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство Стационар – Шепа Кавадарци за 2026 година**

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорката на ЗЈП Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство Стационар – Шепа Кавадарци, Снежана Гинева беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања, се јави Мирјана Петрушевска Савова.
Одговор на поставените прашања даде директорката.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 23 присутни, со 20 гласа „за“ и 3 гласа „воздржан“ се донесе Решението за давање согласност на Одлука за утврдување на вредноста на бодот за исплата на плати на административните службеници во ЗЈП Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство Стационар – Шепа Кавадарци за 2026 година.

**ТОЧКА 2. Предлог – решение за давање согласност на Одлука за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на давателите на јавни услуги и помошно технички персонал во ЗЈП Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство Стационар – Шепа Кавадарци за 2026 година**

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорката на ЗЈП Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство Стационар – Шепа Кавадарци, Снежана Гинева беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа се јави Мирјана Петрушевска Савова.
Одговор на поставените прашања даде директорката.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 23 присутни, со 20 гласа „за“ и 3 гласа „воздржан“ се донесе Решението за давање согласност на Одлука за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на давателите на јавни услуги и помошно технички персонал во ЗЈП Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство Стационар – Шепа Кавадарци за 2026 година.

**ТОЧКА 3. Предлог - Решение за давање согласност на Одлуката за покривање на материјална и нематеријална штета и процесни трошоци во судски постапки и постапки за медијација против ЗЈП Стационар „Шепа“ Кавадарци за надомест на штета како последица од каснување од бездомни кучиња за период од 01.01.2026 година до 31.12.2026 година**

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорката на ЗЈП Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство Стационар – Шепа Кавадарци, Снежана Гинева беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.

За расправа со дискусија и прашања се јавија: Мирјана Петрушевска Савова и Јованче Манасков.

Одговор на поставените прашања даде директорката.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 22 присутни, со 17 гласа „за“ и 5 гласа „воздржан“ се донесе Решението за давање согласност на Одлуката за покривање на материјална и нематеријална штета и процесни трошоци во судски постапки и постапки за медијација против ЗЈП Стационар „Шепа“ Кавадарци за надомест на штета како последица од каснување од бездомни кучиња за период од 01.01.2026 година до 31.12.2026 година.

**ТОЧКА 4. Советнички прашања**

**Лилјана Дервишова Чолакова**

1. Кога ќе се среди мостот со цвеќиња?(одговорено од Градоначалник)
2. Кој е планот да се среди патот накај Ќиро Ќучук? (одговорено од Градоначалник)

**Игор Стојанов**

1.Со која динамика се одвива изградбата на катната гаразжа и кога се очекува истата да заврши? (одговорено од Градоначалник)

**Димче Ацков**

1. Што се планира во врска со градежните активности кои се одвиваат многу бавно кај Театарот, ПИ „Кристал“ 1923 АД -Велес? (одговорено од Градоначалник)
2. Дали се планира санација на објектите што се руинирани, во Дворови, зградата на „Синдикатот“, „Менза на Бетон“. (одговорено од Градоначалник)

**Звезданка Пешиќ**

1.За која конкретна намена се изградени бараките на Кејот, дали е направена проценка на ризикот од поплави, колку средства се вложени во нив за изградба и колку ќе се изградат

и какви мерки ќе се преземат за трахно решавање на проблемот со поплавените бараки(одговорено од Градоначалник)

2. Дали општината има поднесено до Државниот инспекторат за животна средина за квалитетот на водите на р.Тополка, дали се направени анализи и кои се резултатите од анализите, како и кои мерки се планираат за да се надмине овој проблем?(писмено)

**Анета Стајиќ**

1. Какви се мерките кои се планираат да се преземат во Градскиот парк во однос на кучињата скитници, како и оние домашни миленици кои се шетаат без околувратник и истите претставуваат опасност за граѓаните, особено најмладата популација? (одговорено од Градоначалник)
2. Што се планира во населба Речани, во однос на патната и комуналната инфраструктура? (одговорено од Градоначалник)

**Мирјана Петрушевска Савова**

1.Колку често се чистат тоалетите во Градскиот Пазар и кога последен пат се исчистени?(писмено од ЈКП „Дервен“)
2.Колку чини изградбата на фонтаната и дали е направен технички прием на самата фонтана? (писмено од ЈКП „Дервен“)
3. Дали може да продолжат градежните активности за изградба на катната гаража и дали постои проблем со длабочината на јамата, дали има проблем со проектната документација на катната гаража, дали има проблем со јавниот повик да се реализира втората фаза на Катната гаража и кога може да очекуваме дека ќе продолжи изградбата на катната гаража? (одговорено од Градоначалник)

**Драган Стојанов**

1. Што планирате со дупката кај Ракометното игралиште? (одговорено од Градоначалник)
2. Објектите што се планираат да се постават на Кејот, дали ќе се со една јавна објава или поединечни? (одговорено од Градоначалник)

**Јованче Манасков**

1. На кои 6 локации се отстранети бесправно изградени објекти, да се достави адреса, на која катастарска парцела и да се прецизира за точно каков вид на објекти станува збор?(писмено)
2. Колку инспекциски постапки се водат за р.Бабуна, и дали за тие за коишто се води се во заштитеното подрачје, колку барања за легализација се поднесени кои се низ течението на р.Бабуна, а се на територијата на Општина Велес, дали се планира да се легализираат и колку од нив се во тоа заштитено подрачје? (писмено)
3. Колку деградирани дрва се исечени во 2025 година, на кои локации и дали е извршено компензациско садење и на кои локации? (писмено)
4. Дали е започната дислокација на колекторскиот систем што мине низ с.Отовица, ресторан Бела Вода и завршува во прочистителната станица на р.Вардар, до кај е постапката и рокот до кога планирате да се заврши со целосна дислокација? (писмено)
5. Колку селски водоводи има на територија на Општина Велес и со колку управува ЈКП „Дервен“, во смисла да има пристап до системите и објектите, да ги одржува и да наплаќа за таа услуга? (писмено)

**ТОЧКА 5. Предлог – Деловник за работа на Советот на Општина Велес**

Претседателот наведе дека е доставен Амандман со арх.бр.09-968/1 од 16.02.2026 година од страна на Советничка група на СДСМ.

Од страна на предлагачот на Амандманот, Јованче Манасков беше дадено образложение по поднесениот Амандман.

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по Амандманот.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

Градоначалникот се изјасни дека истиот не го прифаќа.

Амандманиот се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 23 присутни членови, со 6 гласа „за“ и 17 гласа „воздржан“ не го доби потребното мнозинство.

Се премина кон разгледување на Амандман со арх.бр.09-968/2 од 16.02.2026 година од страна на Советничка група на СДСМ.

Од страна на предлагачот на Амандманот, Јованче Манасков беше дадено образложение по поднесениот Амандман.

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по Амандманот.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.
Градоначалникот се изјасни дека истиот не го прифаќа.

Амандманиот се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 23 присутни членови, со 3 гласа „за“ и 20 гласа „воздржан“ истиот не го доби потребното мнозинство.

Се премина кон разгледување на Амандман со арх.бр.09-968/3 од 16.02.2026 година од страна на Советничка група на СДСМ.

Од страна на предлагачот на Амандманот, Јованче Манасков беше дадено образложение по поднесениот Амандман.

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по Амандманот.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.
Градоначалникот се изјасни дека го прифаќа Амандманот.

Претседателот даде образложение по однос на Амандманот.

Амандманиот се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 23 присутни членови, со 23 гласа „за“ истиот го доби потребното мнозинство и стана составен дел на точката.

Се премина кон разгледување на Амандман со арх.бр.09-968/4 од 16.02.2026 година од страна на Советничка група на СДСМ.

Од страна на предлагачот на Амандманот, Јованче Манасков беше дадено образложение по поднесениот Амандман.

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по Амандманот.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

Градоначалникот се изјасни дека го прифаќа Амандманот.

Амандманиот се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 23 присутни членови, со 23 гласа „за“ истиот го доби потребното мнозинство и стана составен дел на точката.

Претседателот наведе дека од страна на Градоначалникот е доставен Амандман со арх.бр.08-806/4 од 17.02.2026 година.

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по Амандманот.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Магдалена Спасева беше дадено образложение по Амандманот.

Претседателот даде дополнително образложение по Амандманот.

Се отвори расправа.

За расправа со дискусија и прашања се јави Јованче.

Амандманиот се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 23 присутни членови, со 23 гласа „за“ истиот го доби потребното мнозинство и стана составен дел на точката.

Се премина кон разгледување на точката.

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Магдалена Спасева беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јавија: Александар Илиевски и Јованче Манасков.

Одговор на поставените прашања даде овластениот претставник.
Кон одговорот се приклучи и претседателот.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 23 присутни, со 20 гласа „за“ и 3 гласа „ „воздржан“ се донесе Деловникот за работа на Советот на Општина Велес.

**ТОЧКА 3. Квартален извештај на Општина Велес за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2025г. до 31.12.2025г.**

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање и Буџет, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Анета Спасева беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.

За расправа со дискусија и прашања се јавија: Маја Демерџиева, Мирјана Петрушевска Савова, Елизабета Митревска Анѓелеска и Лилија Чолакова Дервишова.
Одговор на поставените прашања даде овластениот претставник.
Кон одговорот се приклучи и Градоначалникот.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 23 присутни, со 17 гласа „за“, 3 гласа „воздржан“ и 3 гласа „против“, се усвои Кварталниот извештај на Општина Велес за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2025г. до 31.12.2025г.

**ТОЧКА 7. Предлог – програма за изменување на програма за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2026 година**

Претседателот наведе дека од страна на Градоначалникот е доставен Амандман со бр.08-806/2 од 16.02.2026 година.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Верица Тодорвска Дацева беше дадено појаснување по Амандманот.

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по Амандманот.

Се премина кон разгледување на точката.

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање и Буџет, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Селма Амедоска, претседател на Комисијата за јавни дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Александра Иванова беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јавија: Димче Ацков, Јованче Манасков, Лилија Чолакова Дервишова, Милка Панова, Весна Атанасовска, Мирјана Петрушевска Савова, Мартина Стаменкова, Селма Амедоска и Маја Демерџиева.
Одговор на поставените прашања даде овластениот претставник.
Кон одговорот се приклучи и Градоначалникот.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 22 присутни, со 17 гласа „за“, 3 гласа „против“ и 2 гласа „воздржан“ се донесе Програмата за изменување на програма за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2026 година.

**ТОЧКА 8. Предлог - одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Велес за 2026 година**

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање и Буџет, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Анета Спасева беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јави Јованче Манасков.
Одговор на поставените прашања даде овластениот претставник.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 16 гласа „за", 3 „против" и 2 гласа „воздржан" се донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Велес за 2026 година.

**ТОЧКА 9. Предлог – одлука за утврдување потреба од спроведување проект за ангажирање на лица за теренско прибирање податоци за утврдување на данок на имот за физички и правни лица на територија на Општина Велес**

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање и Буџет, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Анета Спасева беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија, прашања и реплика се јавија: Звезданка Пешиќ, Јованче Манасков, Елизабета Митревска Анѓелеска и Маја Демерџиева.
Одговор на поставените прашања, даде Градоначалникот.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 23 присутни, со 23 гласа „за" се донесе Одлуката за утврдување потреба од спроведување проект за ангажирање на лица за теренско прибирање податоци за утврдување на данок на имот за физички и правни лица на територија на Општина Велес.

**ТОЧКА 10. Предлог–одлука за утврдување постапка за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес од Програмата на Советот на Општина Велес**

Претседателот наведе дека од страна на Градоначалникот е поднесен Амандман со арх.бр.09-806/3 од 17.02.2026 година.

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по Амандманот и извештај по однос на точката.

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање и Буџет, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Магдалена Спасева беше дадено појаснување по предложениот материјал по оваа точка и наредната Точка 11. Предлог – правилник за утврдување критериуми за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес од Програмата на Советот на Општина Велес.

Се отвори расправа по точка 10 и точка 11.
За расправа со дискусија и прашања се јави Јованче Манасков.
Одговор на поставените прашања даде овластениот претставник.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 23 присутни, со 23 гласа „за" се донесе Одлуката за утврдување постапка за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес од Програмата на Советот на Општина Велес.

**ТОЧКА 11. Предлог – правилник за утврдување критериуми за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес од Програмата на Советот на Општина Велес**

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање и Буџет, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Анета Спасева беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 23 присутни, со 23 гласа „за“ се донесе Правилникот за утврдување критериуми за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес од Програмата на Советот на Општина Велес.

**ТОЧКА 12. Предлог – решение за изменување на Решението за именување на претседател и членови на Комисија за финансирање, Буџет и локален економски развој**

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од од 23 присутни, со 23 гласа „за“ се донесе Решението за изменување на Решението за именување на претседател и членови на Комисија за финансирање, Буџет и локален економски развој.

**ТОЧКА 13. Предлог – решение за изменување на Решението за именување на претседател и членови на Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина**

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од од 23 присутни, со 23 гласа „за“ се донесе Решението за изменување на Решението за именување на претседател и членови на Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина.

**ТОЧКА 14. Предлог – решение за изменување на Решението за именување на претседател и членови на Комисија за општествени дејности**

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од од 23 присутни, со 23 гласа „за“ се донесе Решението за изменување на Решението за именување на претседател и членови на Комисија за општествени дејности.

**ТОЧКА 15. Предлог – решение за изменување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за спорт и млади**

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од од 23 присутни, со 23 гласа „за“ се донесе Решението за изменување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за спорт и млади.

**ТОЧКА 16. Предлог - програма за дополнување на  Програма за изработка на урбанистички планови во Општина Велес во 2026 година**

Нада Јованова, претседател на Комисијата за урбанизам, комунални работи и сообраќај, заштита на животната средина и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Роза Здравева беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 23 присутни, со 17 гласа „за“ и 6 гласа „воздржан“ се донесе Програмата за дополнување на  Програма за изработка на урбанистички планови во Општина Велес во 2026 година.

**ТОЧКА 17. Предлог – програма за дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на Општина Велес**

Нада Јованова, претседател на Комисијата за урбанизам, комунални работи и сообраќај, заштита на животната средина и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Роза Здравева беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јавија: Мирјана Петрушевска Савова, Јованче Манасков и Звезданка Пешиќ.
Одговор на поставените прашања даде овластениот претставник.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 23 присутни, со 20 гласа „за“ и 3 гласа „воздржан“ се донесе Програмата за дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на Општина Велес.

**ТОЧКА 18. Предлог – одлука за утврдување на  Урбанистички проект со план за парцелација со намена А1.1-Куќи со двор, за ГП 13 (КП 6213/1) КО Велес, од ДУП: за МЗ 9 -ти Ноември, измена и дополнување на одредбите за спроведување на ДУП за МЗ 9-ти Ноември,Општина Велес**

Нада Јованова, претседател на Комисијата за урбанизам, комунални работи и сообраќај, заштита на животната средина и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Роза Здравева беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 23 присутни, со 20 гласа „за“ и 3 гласа „воздржан“ се донесе Одлуката за утврдување на  Урбанистички проект со план за парцелација со намена А1.1-Куќи со двор, за ГП 13 (КП 6213/1) КО Велес, од ДУП: за

МЗ 9 - ти Ноември, измена и дополнување на одредбите за спроведување на ДУП за МЗ 9-ти Ноември,Општина Велес.

**ТОЧКА 19. Предлог – одлука за утврдување Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 03.01 УМ 2 согласно Детален урбанистички план за дел од населба Керамидна-Велес, Општина Велес**

Нада Јованова, претседател на Комисијата за урбанизам, комунални работи и сообраќај, заштита на животната средина и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Роза Здравева беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 23 присутни, со 20 гласа „за“ и 3 гласа „воздржан“ се донесе Одлуката за утврдување Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 03.01 УМ 2 согласно Детален урбанистички план за дел од населба Керамидна-Велес, Општина Велес.

**ТОЧКА 20. Предлог – одлука за утврдување на потреба за пренамена на површина со класа на намена В1- образование и наука во класа на намена А1- Домување во станбени куќи заради усогласување на намената на бесправните објекти изградени на КП бр. 3121/1 во КО Оризари**

Нада Јованова, претседател на Комисијата за урбанизам, комунални работи и сообраќај, заштита на животната средина и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Петре Цилаков беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јавија: Јованче Манасков и Мирјана Петрушевска Савова.
Одговор на поставените прашања даде овластениот претставник.
Кон одговорот се приклучи и Градоначалникот.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 22 присутни, со 16 гласа „за“ и 6 гласа „против“ се донесе Одлуката за утврдување на потреба за пренамена на површина со класа на намена В1- образование и наука во класа на намена А1- Домување во станбени куќи заради усогласување на намената на бесправните објекти изградени на КП бр. 3121/1 во КО Оризари.

**ТОЧКА 21. Предлог – одлука за утврдување на потреба за пренамена на површина со класа на намена Г- производство, дистрибуција и сервиси во класа на намена А1- Домување во станбени куќи заради усогласување на намената на бесправните објекти изградени на КП бр. 2518/2 во КО Оризари**

Нада Јованова, претседател на Комисијата за урбанизам, комунални работи и сообраќај, заштита на животната средина и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Петре Цилаков беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јави Јованче Манасков.
Одговор на поставените прашања даде овластениот претставник.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 16 гласа „за“ и 5 гласа „воздржан“ се донесе Одлуката за утврдување на потреба за пренамена на површина со класа на намена Г- производство, дистрибуција и сервиси во класа на намена А1- Домување во станбени куќи заради усогласување на намената на бесправните објекти изградени на КП бр. 2518/2 во КО Оризари.

**ТОЧКА 22. Предлог – решение за давање согласност на Измени и дополнување на Годишен план за вработување на ООУ „Блаже Конески“ Велес за 2026 година**

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорката на ООУ „Блаже Конески“ Велес, Маја Коруновска беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јави Јованче Манасков.
Одговор на поставените прашања даде директорката.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 18 гласа „за“ и 2 гласа „воздржан“ (членот Елизабета Митревска Анѓелеска се иззема од гласање) се донесе Решението за давање согласност на Измени и дополнување на Годишен план за вработување на ООУ „Блаже Конески“ Велес за 2026 година.

**ТОЧКА 23. Предлог – решение за давање согласност на Изменување и дополнување на Годишен план за вработување на ООУ „Панко Брашнаров“ Велес за 2026 година**

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорката на ООУ „Панко Брашнаров“ Велес, Сениха Брзева беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јави Јованче Манасков.
Одговор на поставените прашања даде директорката.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 18 гласа „за“ и 3 гласа „воздржан“ се донесе Решението за давање согласност на Изменување и дополнување на Годишен план за вработување на ООУ „Панко Брашнаров“ Велес за 2026 година.

**ТОЧКА 24. Предлог – решение за давање согласност на Измена на Годишен план за вработување на ООУ „Рајко Жинзифов“ Г.Оризари- Велес за 2026 година**

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорката на ООУ „Рајко Жинзифов“ Г.Оризари- Велес, Амра Хоџиќ беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јавија: Мирјана Петрушевска Савова и Јованче Манасков.
Одговор на поставените прашања даде директорката.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 21 гласа „за“ се донесе Решението за давање согласност на Измена на Годишен план за вработување на ООУ „Рајко Жинзифов“ Г.Оризари- Велес за 2026 година.

**ТОЧКА 25. Предлог – решение за престанок на мандат на член на Управен одбор на ОЈУДГ „Димче Мирчев“ Велес, претставник на Совет на родители**

Елизабета Митревска Анѓелеска, претседател на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

По ова се донесе Решението за престанок на мандат на член на Управен одбор на ОЈУДГ „Димче Мирчев“ Велес, претставник на Совет на родители со кое се констатира престанок на мандатот на Ивана Зафирова.

**ТОЧКА 26. Предлог – решение за именување член на Управен одбор на ОЈУДГ „Димче Мирчев“ Велес, претставник на Совет на родители**

Елизабета Митревска Анѓелеска, претседател на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 19 присутни, со 17 гласа „за“ и 2 гласа „воздржан“ се донесе Решението за именување член на Управен одбор на ОЈУДГ „Димче Мирчев“ Велес, претставник на Совет на родители со кое се именува Росана Шопова.

**ТОЧКА 27. Предлог – решение за престанок на мандат на членови на Одборот за подигање на спомен обележја во Општина Велес**

Елизабета Митревска Анѓелеска, претседател на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

По ова се донесе Решението за престанок на мандат на членови на Одборот за подигање на спомен обележја во Општина Велес со кое се констатира престанок на мандатот на: Александар Кукулев и Катерина Ефремова.

**ТОЧКА 28. Предлог – решение за именување членови на Одборот за подигање на спомен обележја во Општина Велес**

Елизабета Митревска Анѓелеска, претседател на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на членот, Јованче Манасков беше даден предлог Мирјана Петрушевска Савова да се именува за член на Одборот за подигање на спомен обележја во Општина Велес.

Предлогот на Комисијата, Слободан Ников да се именува за член на Одборот за подигање на спомен обележја во Општина Велес се стави на гласање и со 22 гласа „за“ го доби потребното мнозинство.

Потоа се премина кон гласање на првиот предлог од Комисијата, Игор Стојанов да биде член на Одборот за подигање на спомен обележја во Општина Велес и истиот со 16 гласа „за“ го доби потребното мнозинство.

Се премина кон гласање на предлогот членот, Јованче Манасков, Мирјана Петрушевска Савова да се именува за член на Одборот за подигање на спомен обележја во Општина Велес и со 3 гласа „за“ истиот не го доби потребното мнозинство.

По гласањето се констатира дека од 22 присутни, за предлогот Слободан Ников гласаа 22 „за“ и за Игор Стојанов, со што се донесе Решението за именување членови на Одборот за подигање на спомен обележја во Општина Велес со кое се именуваат: Слободан Ников и Игор Стојанов.

**ТОЧКА 29. Предлог – решение за разрешување на член на Комисијата за следење на состојбата на водите во акумулацијата Езеро Младост**

Елизабета Митревска Анѓелеска, претседател на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

По ова се донесе се донесе Решението за разрешување на член на Комисијата за следење на состојбата на водите во акумулацијата Езеро Младост со кое се разрешува Ресми Ејупи.

**ТОЧКА 30. Информација од одржана четврта седница на Комисијата за следење на состојбата на водите во акумулацијата Езеро Младост**

Нада Јованова, претседател на Комисијата за урбанизам, комунални работи и сообраќај, заштита на животната средина и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на претседателот на Комисијата за следење на состојбата на водите во акумулацијата Езеро Младост, Антоанета Стојанова, беше дадено образложениот по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јавија: Јованче Манасков, Селма Амедоска, Лилија Чолакова Дервишова, Мирјана Петрушевска Савова, Анета Стајиќ и Звезданка Пешиќ.
Одговор на поставените прашања даде претседателот на Комисијата.

Од страна на членот на Советот, Јованче Манасков беше предложено да се измени Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата на животната средина во 2026 година каде ќе се предвидат средства за целосно чистење на Отовичка река.

По ова се констатира разгледување на Информација од одржана четврта седница на Комисијата за следење на состојбата на водите во акумулацијата Езеро Младост.

**ТОЧКА 31. Информација за работа на Полициската станица Велес за 2025 година**

Селма Амедоска, претседател на Комисијата за јавни дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на командирот на МВР СВР ПС - Велес, Ненад Дејаноски беше дадено образложениот по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јавија: Јованче Манасков, Весна Атанасовска, Зведанка Пешиќ и Анета Стајиќ, Слободан Ников, Елизабета Митревска Анѓелеска, Лилија Чолакова Дервишова, Милка Панова и Димче Ацков.

По ова се констатира разгледување на Информацијата за работа на Полициската станица Велес за 2025 година.

**ТОЧКА 32. Финансиски и наративен извештај за Спортски игри Велес за 2025 година од Спортско Здружение „Спортски игри“ Велес**

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање и Буџет, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Игор Стојанов, претседател на Комисијата за спорт, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на претставниците на Спортско Здружение „Спортски игри“ Велес, Гордан Јорданов и Љупчо Црвенпанов, беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 22 присутни, со 22 гласа „за“ се усвои Финансискиот и наративен извештај за Спортски игри Велес за 2025 година од Спортско Здружение „Спортски игри“ Велес

Седницата беше закажана за во 09:00 часот, започна со работа во 10:00, а заврши во 18:50 часот.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 09-
.03.2026 година
Велес